Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Архивски број 18-196/1
Дата: 26.12..2024

22-01-2024

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVËRIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 24.01.2024
Орг. един. / Njësia Org.: 40
Број: / Numër: 1375/1

**До**
**Влада на Република Северна Македонија**
**-Генерален секретаријат**

**Предмет: Одговор по иницијатива**

**Врска:** Ваш број 40-10379/1/1 ✓ 23/1/24

Во врска со предлог иницијативата доставена од Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис Скопје за креирање на Национална стратегија за е-услуги на локално ниво, Министерството за локална самоуправа ве информира дека во тек е планирањето на процесот за дигитализација на локалните услуги во рамките на посебниот механизам за координирање на политики во соработка со сите надлежни институции и со донаторската заедница.

Во рамките на овој механизам ќе бидат утврдени наредните чекори за дигитална трансформација на услугите на локално ниво. На состанокот кој што ќе се одржи наредниот месец ќе бидат утврдени првичните активности кои што ќе бидат планирани во рамките на новиот Акциски план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација, за периодот 2024-2026 година. Предмет на координација ќе биде и начинот на долгорочно планирање на процесот во што, пред се треба да бидат земени предвид мислењата на заменик претседателот на Владата за добро управување и на Министерството за информатичко општество и администрација, кои што веќе спроведуваат активности за дигитална трансформација во смисла на нормативно и стратешко уредување на областа.

**МИНИСТЕР**
**Ристо Пенов**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за локална самоуправа
Ministria e Vetëqeverisjes Lokale
Скопје-Shkup

Согласен
Државен секретар
Кирил Парталов

Подготвил
м-р Е. Чакар


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk